# СТАТУТ НА ФЕРШПЕД АД Скопје

www.fersped.com.mk

Скопје, Мај 2023

Друштво за меѓународна и внатрешна
шпедиција со јавни и царински складиште
Ф Е Ш П Е Д АД
Бр.02-1230/08
31.05.2023 година
С К О П Ј Е

Врз основа на член 98 и 99 од Статутот на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД, а во согласност со член 417, 418 и 419 од Законот за трговски друштва, како и донесената Одлука за измена на Статутот на ФЕРШПЕД АД Скопје бр.02-1230/08 од страна на Годишното собрание акционери на ФЕРШПЕД АД Скопје одржано на ден 31.05.2023 година, Одборот на директори изготви пречистен текст кој гласи:

# С Т А Т У Т
## на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје е основано во 1968 година како дел од Железничко-транспортната организација Скопје,а како ООЗТ е запишано во регистарот на Окружниот стопански суд на 08.02.1974 година.На ден 15.12.1989 година ФЕРШПЕД се организира како друштво со ограничена одговорност,а на ден 10.12.1991 година со Решение на Окружниот стопански –Скопје Срег.бр.7881/91 се регистрира како акционерско друштво во мешовита сопственост,додека како АД во приватна сопственост се запишува на ден 06.10.1995 година со Решение на Основниот суд Скопје 1 Скопје под Срег.бр.9168/95.

Со овој Статут акционерите на ФЕРШПЕД АД Скопје го организираат работењето и управувањето со Друштвото.

Друштвото е правно лице со права,обврски и одговорности утврдени со закон и овој Статут.

### Член 2

Со овој Статут се регулираат односите, односно правата, обврските,овластувањата и одговорностите во деловниот систем на Друштвото за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД Скопје (во натамошниот текст: Друштво).

Овој Статут содржи одредби кои особено се однесуваат на:
1. Фирма и седиште на Друштвото;
2. Предмет на работење на Друштвото;
3. Застапување и претставување на Друштвото;

4. Износ на основната главнина, видот и номиналната вредност на акциите;
5. Акти, документи и информирање на акционерите;
6. Органи на Друштвото;
7. Служба за внатрешна ревизија;
8. Големи зделки и зделки со заинтересирана страна;
9. Трговски книги, годишна сметка и финансиски извештаи;
10 Финансиски резултати и распоредување на добивката;
11.Учество на Друштвото во други трговски друштва (капитално поврзани друштва);
12. Деловна тајна;
13. Односи со вработените;
14. Внатрешна организација на Друштвото;
15. Престанок на Друштвото;
16. Измена на Статутот;
17. Преодни и завршни одредби.

## 1.ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 3

Друштвото работи и учествува во правниот промет под фирмата: Друштво за меѓународна и внатрешна шпедиција со јавни и царински складишта ФЕРШПЕД АД - Скопје (во натамошниот текст: Друштво).

Секој дел од Друштвото мора да истапува во правниот промет под фирмата на Друштвото, со тоа што на фирмата и се додава ознака која упатува на тоа дека се работи за дел од Друштвото.

Подружницата како дел на Друштвото во правниот промет истапува под фирмата на Друштвото.

Скратен назив на фирмата на Друштвото гласи: ФЕРШПЕД АД Скопје.

Во правниот промет со странство фирмата гласи:
FERSPED-Skopje,Internacional Forwarding with public and Customs Warehouses.
FERSPED - Skopje, Inernationale spetion mit eigene Zollager.
FERSPED- Skopje, Expedion internatioonal avec Publie Entrepots.

### Член 4

Друштвото има заштитен знак (амблем), кој е заштитен при Заводот за заштита на индустриска сопственост.

Употребата на знакот ја определува Одборот на директори на Друштвото.

### Член 5

Друштвото има:

- Печат во кружна форма за употреба во земјата и на него е испишан со кирилско писмо текстот на фирмата;
- Печат со кружна форма за употреба во деловните односи со странство и на него е испишан со латинично писмо текстот на фирмата;

- Штембилот во правоаголна форма и на него е испишан текстот на фирма, со простор за запишување на бројот и на датата на заверување на актот.

Печатот и штембилот се употребуваат на сите општи и поединечни акти и во кореспонденција со физички и правни лица.

Големината на печатот и штембилот, нивната содржина, бројот на употребата, евиденцијата, нивното уништување се уредуваат со одлука која ја донесува Управниот одбор.

**Член 6**

Седиштето на Друштвото е во Скопје на ул. Македонија бр.11а.

**Член 7**

За промена на фирмата, седиштето и знакот на Друштвото одлучува Собранието на друштвото.

Со одлука за промена на фирмата и седиштето на Друштвото истовремено се одлучува и за новата фирма, седиште, односно знакот на Друштвото.

## 2. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

**Член 8**

Друштвото како предмет на работење ги врши сите дејности што не се забранети со закон, сообразно регистарот на дејности на Друштвото.

Друштвото без упис во Трговскиот регистар врши и други дејности кои што се потребни за неговото постоење – функционирање, и за вршење на работите од предметот на работење, но кои што не спаѓаат непосредно во рамките на вршењето на работите од предметот на работење.

Приоритетна дејност на Друштвото во согласност со Националната класификација на дејности НКД Рев-2 е: 52.29; Останати придружни дејности во превозот.

**Член 9**

За промена на предметот на работењето на Друштвото (намалување или проширување на предметот на работење) одлучува Одборот на дитектори.

**Член 10**

Друштвото врши дејности и работи од предметот на работење на Друштвото, надвор од седиштето, преку подружници.

Подружницата се организира со одлука којашто ја донесува Одборот на дитектори.

Во одлуката за организирање на подружницата се наведуваат фирмата и седиштето на Друштвото, предметот на работење на Друштвото и на подружницата, претежната дејност според Националната класификација на дејности и лицата во подружницата-овластени за застапување или претставување на Друштвото. Подружницата

единствено ги врши сите дејности од предметот на работење на Друштвото.

Подружницата нема својство на правно лице. Од работењето на подружницата Друштвото стекнува права и обврски, овластувања и одговорности.

Подружницата работи под фирмата на Друштвото, во која се наведува нејзиното седиште и зборот „подружница“.

Подружницата престанува со одлука за престанување донесена од страна на Одборот на дитектори, или ако Друштвото престане да постои.

Организирањето и бришењето на подружницата се забележува во регистарската влошка во којашто е запишано Друштвото. Забележувањето се објавува на истиот начин како и уписите во Трговскиот регистар.

## 3. ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ НА ДРУШТВОТО

### Член 11

Извршниот член на Одборот на директори – Генерален директор го застапува и претставува Друштвото во односи со трети лица .

Во отсуство на Извршниот член на Одборот на директори – Генерален директор го заменува извршниот член на Одборот на директори – заменик генерален директор.

### Член 12

Вработено лице во Друштвото кое врши работи кои што според редовниот тек на работата вклучуваат и склучување на определени договори, односно преземање определени правни работи е овластено како полномошник на Друштвото да склучува такви договори и да презема такви правни дејствија во рамките на работите што ги врши.

## 4. ИЗНОС НА ОСНОВНА ГЛАВНИНА ВИДОТ И НОМИНАЛНАТА ВРЕДНОСТ АКЦИИТЕ

### Член 13

Основната главнина на Друштвото изнесува 677.426.200,00 денари.

### Член 14

Основната главнина на Друштвото е поделена на 18.113 обични акции.

### Член 15

Акциите гласат во денари.

Номиналната вредност на една акција изнесува 37.400,00 денари.

### Член 16

Секоја акција со право на глас дава право на еден глас во Собранието на Друштвото.

**Член 17**

Акциите се запишуваат во книга на акции на Друштвото којашто се води во Централниот депозитар за хартии од вредност во електронска форма.

**Член 18**

Одлуката за издавање акции ја донесува Собранието на Друштвото со мнозинство гласови кое изнесува две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**Член 19**

Друштвото може да стекнува сопствени акции со откуп, самото или преку овластено лице кое дејствува од свое име,а за сметка на Друштвото.

**Член 20**

Секоја обична акција на нивните сопственици им дава:

- Право на глас во Собранието на Друштвото;
- Право на исплата на делот на добивката во вид на дивиденда;
- Во случај на стечај или ликвидација на Друштвото, дава право на сразмерно учество во поделбата на стечајната односно ликвидационата маса.

**Член 21**

Одборот на директори го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите за кои постои законска обврска за нивно објавување и тоа:

а) На огласна табла на Друштвото;
б) Во еден од дневните весници;
в) Интернет- страница.

**Член 22**

На секој акционер Друштвото ќе му овозможи увид во актите и документите определени со закон, врз основа на поднесено писмено барање до Одборот на директори во рок од три дена пред бараниот увид.

Акционерот е должен да ги сноси трошоците за копиите на актите кои се бараат на увид.

**Член 23**

Основната главнина на Друштвото може да се зголеми или намали со одлука на Собранието.

Одлуката за зголемување односно намалување се донесува со мнозинство гласови од две третини од акциите со право на глас,претста вени на Собрание.

## 5.АКТИ ДОКУМЕНТИ И ИНФОРМИРАЊЕ НА АКЦИОНЕРИТЕ

**Член 24**

Одборот на директори го определува начинот на објавувањето на податоците и извештаите и тоа: во дневен весник, интернет, на огласна

табла или на друг начин, и ги утврдува податоците и извештаите кои се објавуваат, а за кои смета дека се значајни за акционерите и Друштвото, освен ако со Законот за трговски друштва и со Законот за хартии од вредност поинаку не е определено.

**Член 25**

Друштвото во своето седиште ги чува следниве акти и документи:

1) Статут и други акти, како и сите нивни усогласени измени и дополнувања, заедно со пречистените текстови;

2) Записниците и сите други документи од сите собранија на акционерите;

3) Записниците и одлуките од состаноците на Одборот на директори;

4) Годишните сметки и финансиските извештаи кои што треба да се чуваат според закон;

5) Прилози (исправи и докази) кои што се поднесени до Трговскиот регистар;

6) Сите јавни повици и проспекти за издавање акции и други хартии од вредност на Друштвото;

7) Целокупна писмена кореспонденција на Друштвото со неговите акционери;

8) Ажурирана листа со имиња и презимиња и адреси на сите избрани членови на Одборот на директори;

9) Документите за залог и хипотека;

10) Основниот и консолидираниот извештај на овластениот ревизор и извештајот на овластениот проценител;

11) Гласачките ливчиња и полномошната за учество на Собранието во оригинал или копија;

12) Колективниот договор на ниво на Друштвото;

13) Други акти и документи предвидени со закон и со Статутот.

**Член 26**

На секој акционер му се обезбедува право на увид во актите и другите документи на Друштвото од член 319 од Законот за трговските друштва, во седиштето на Друштвото.

Правото на информирање за записниците и одлуките од седниците на Одборот на директори, акционерите ги остваруваат преку Одборот на директори.

Друштвото може да бара од акционерот кој бара увид, претходно да го информира Друштвото за увидот, во рок не подолг од три дена пред денот на бараниот увид.

Друштвото може да бара акционерот да ги плати трошоците за бараните копии, коишто не можат да бидат повисоки од стварните трошоци.

Акционерот не може јавно да ги објавува или да ги презентира информациите, освен на акционерите, ако остварува преку надлежен орган некое право определено со закон, со Статутот и со друг акт на Друштвото, или ако тие веќе не се јавно објавени.

## 6.ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

## ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ

### Член 27

Управувањето со Друштвото се организира со едностепен систем на управување (Одбор на директори).

За членови на Одборот на директори можат да бидат избрани само физички лица.

Членовите на Одборот на Дирекотри ги избира и разрешува Собранието на акционери.

За член на Одборот на директори не може да биде избрано лице против кое е изречена казна, односно прекршочна санкција забрана за вршење должност од определено занимање кое делумно или во целост е опфатено во предметот на работењето на Друштвото, во периодот додека трае таа забрана.

За членови на Одборот на директори не треба да бидат назначувани:

-директори во конкурентско друштво;

-менаџери во конкурентско друштво;

-вработени во конкурентско друштво.

Членовите на Одборот на директори треба да ги поседуваат следните способности:

-Да ја имаат довербата на акционерите, директорите, менаџерите и вработените во Друштвото;

-Да имаат способност да ги земаат предвид интересите на сите засегнати страни и да донесуваат добро промислени одлуки;

-Да поседуваат професионална стручност и образование за ефективно и ефикасно извршување на функцијата генерален директор односно менаџер;

-Да поседуваат меѓународно професионално искуство, познавање на националните економски, политички, правни и социјални прашања и трендови, познавање на пазарот, и домашната и меѓународната конкуренција; и

-Да поседуваат способност своите знаења и искуство да ги вградат во решенијата кои ќе ги спроведуваат.

### Член 28

Членовите на Одборот на директори се избираат за период од шест години.

Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани.

### Член 29

Неизвршен член на Одбор на директори во исто време не може да биде избран во повеќе од пет одбори на директори, како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.

Извршен член на Одбор на директори не може да биде избран за извршен член на одбор на директори, односно за член на управен одбор

во други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија, освен во банки, во друштва за осигурување и во други друштва ако тоа е определено со закон.

Извршен член на Одбор на директори може да биде избран за неизвршен член, како и за член на Надзорниот одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Северна Македонија.

**Член 30**

Членот на Одборот на директори е должен овластувањата што му се дадени со закон и со овој Статут да ги врши во интерес на Друштвото и во интерес на акционерите со внимание на уреден и совесен трговец и не може своите овластувања да ги пренесе на друг член на Одборот на директори.

Членовите на Одборот на директори должни се како деловна тајна да ги чуваат сите известувања и податоци коишто на кој било начин се однесуваат на работењето на Друштвото, а кои ги добиле како доверливи.

Обврската од став 2 на овој член трае и по престанувањето на мандатот во Одборот на директори, во согласност со обврските преземени во договорот за уредување на односите меѓу друштвото и член на Одборот на директори.

**Член 31**

Одборот на директори работи и полноважно одлучува, ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови од кои бројот на присутните неизвршни членови на одборот на директори мора да биде поголем од бројот на присутните извршни членови на одборот на директори.

Одборот на директори ги донесува одлуките со мнозинство гласови од кворумот определен во ставот 1 на овој член.

Гласот на претседателот на Одборот на директори е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Одлуките на Одборот на директори влегуваат во сила со денот на донесувањето.

За секое прашање за кое одлучува Одборот на директори треба да постои претходен писмен предлог.

Работата на Одборот на директори е регулирана со Деловник за работа на Одборот на директори, кој мора да биде усвоен во период не подолг од 3 месеци од овие измени на Статутот.

**Член 32**

Одборот на директори може да одлучува и без одржување на состанок, доколку членовите на Одборот на директори дадат согласност за одлуките коишто се донесуваат без одржување состанок.

За сите одлуки донесени на начин од став 1 на овој член претседателот на Одборот на директори овластува лице кое ќе подготви записник во којшто се евидентираат одлуките, а кој го потпишува претседателот и сите членови на органот кои дале согласност на донесените одлуки.

Одлуките донесени од став 1 на овој член влегуваат во сила со денот на давањето на согласноста од страна на сите членови на Одборот на директори.

Давањето на согласноста може да биде извршено со своерачен потпис, или со потпис испратен по факс или по електронски пат на предлогот за одлуката.

**Член 33**

Одборот на директори формира една или повеќе постојани и повремени комисии, како свои помошни органи од редот на своите членови и од други внатрешни или надворешни лица.

Комисиите од став 1 на овој член не можат да одлучуваат, туку даваат стручни предлози за одлуки, за прашања што се во исклучива надлежност на Одборот на директори ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски на други органи или индивидуи.

Сите активности на комисиите подлежат на согласност од страна на органите од став 1 на овој член.

**Член 34**

За работата на секој состанок на Одборот на директори и на комисиите, без разлика на тоа како е одржан состанокот, се подготвува записник.

Записникот се изготвува во рок од 3 (три) дена од денот на одржувањето на состанокот.

Записникот содржи податоци за начинот на којшто работел органот од став 1 на овој член, времето и местото на одржување на состанокот, лицата кои присуствувале и дневниот ред на состанокот, прашања кои биле предмет на гласање и резултатите од секое гласање вклучувајќи ги и имињата на членовите кои гласале „за“ и „против“ одлуките усвоени на состанокот. Во записникот може по барање на членот кој гласал „за“ и „против“ да се внесат и причините зошто така гласал. Ако некој член има судир на интерес, членот има обврска тоа да го најави на почетокот на состанокот и тоа да се евидентира во записникот, и од истите причини е должен да се изземе од актот на гласањето.

Записникот го потпишуваат сите членови на органите од став 1 на овој член кои биле присутни на состанокот или на друг начин учествувале во работата.

## ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ

**Член 35**

Со Друштвото управува Одбор на Директори.

Одборот на Директори има шест члена, од кои два извршни членови и четири неизвршни членови.

**а) Неизвршни членови на Одборот на директори**

**Член 36**

Од редот на неизвршните членови на Одборот на Директори, еден е независен член и се определува при изборот на Одборот на директори од страна на Собранието на акционери.

**Член 37**

Одборот на Директори, од редот на неизвршните членови, со мнозинство од вкупниот број на членови на одборот, го избира Претседателот на Одборот на директори.

Претседателот на Одборот на Директори се грижи за работата на Одборот на Директорите, ги свикува и претседава со седниците на Одборот на Директори, ги потпишува одлуките на Одборот.

По правило седниците се свикуваат со писмено известување испратено до секој член на Одборот на Директори, најдоцна пет дена пред одржување на седницата.

Во итен случај известувањето може да се изврши со телеграма, е-маил, односно факс, најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата.

Претседателот на Одборот на Директори ги свикува седниците на Одборот на Директори кога смета дека е тоа потребно или кога тоа од него во писмена форма ќе го побара извршен член на Одборот на Директори или 2 неизвршни члена.

Ако претседателот е спречен, со седницата раководи неизвршен член на Одборот на директори определен со мнозинство гласови од присутните членови на Одборот на Директори.

**Член 38**

Ако еден или повеќе неизвршни членови на Одборот на Директори престанат да ги вршат своите функции во текот на мандатот или ако се спречени да ги вршат, другите членови на Одборот на Директори продолжуваат со работа до пополнување на испразнетото место на наредното Собрание.

Ако бројот на неизвршни членови се намали под бројот определен со Статут пополнувањето на Одборот со нови членови се врши на начин предвиден со Законот за трговските друштва.

**б) Извршни членови на Одборот на Директори**

**Член 39**

Од членовите избрани во одборот на директори, одборот на директори назначува/именува два извршни членови. Изборот на извршните членови се врши со мнозинство гласови од сите членови на одборот на директори.

Од извршните членови на Одборот на директори, еден го носи називот Генерален директор, а вториот извршен член го носи називот Заменик генерален директор. Одборот на директори со одлука донесена со мнозинство гласови од сите членови на одборот на директори, може да изгласа промена на позициите на Генерален директор и на заменик генерален директор во состојба кога интересите на друштвото го

наложуваат тоа или кога ќе се појави потреба во текот на редовното работење на друштвото.

**Член 40**

За извршен член на Одборот на Директори може да биде именувано физичко лице кое е деловно способно.

**Член 41**

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален Директор, има најшироки овластувања да ги врши сите работи поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на Директори и вршењето на тековните активности на Друштвото и да дејствува во сите околности од името на Друштвото, освен овластувањата што законот му ги дава на Собранието на Друштвото, како и овластувањата кои на посебен начин со закон и со овој Статут се резервирани за Одборот на Директори. Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален Директор ги пријавува фактите кои подлежат на упис во Трговскиот регистар, ако со закон поинаку не е уредено.

Извршниот член на Одборот на директори-Генерален директор го води работењето на извршните членови на Одборот на директори и на негов предлог Одборот на директори . ги утврдува внатрешната организација и начинот на кој што се врши координацијата на водењето на работењето на друштвото,

Извршниот член на Одборот на директори-генерален директор е одговорен за прашања за вработените и односите со нив.

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален Директор донесува одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, за стекнување и отуѓување на недвижности, донесува одлуки за вложувања, долгорочна соработка, франшизинг и слично, ги утврдува условите и одлучува во давање на парични позајмици и финансирање на услуги во вредност до најмногу **100.000** евра.

**Член 42**

Правата и обврските на извршните членови на Одборот на Директори – Генерален директор и Заменик генерален директор, покрај правата и обврските утврдени со Закон и Статут, вклучително правото на плата, месечен надомест и други надоместоци и права, се уредуваат со менаџерски договор и со Одлуки донесени од страна на Одборот на директори.

**Член 43**

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален директор најмалку еднаш во 3 месеци им поднесува на неизвршните членови писмен извештај за работењето на Друштвото.

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален Директор по истекот на деловната година ги поднесува до неизвршните членови годишната сметка, годишниот финансиски извештај и годишниот извештај за работењето на Друштвото.

На барање на неизвршните членови, извршниот член на Одборот на Директори – Генерален директор е должен да подготви посебен

извештај за состојбата на Друштвото или за некои определени аспекти од нивното работење.

Неизвршните членови на Одборот на Директори вршат надзор над водењето на работењето од страна на извршните членови на Одборот на директори.

Неизвршните членови на Одборот на директори се овластени сами или преку други лица да преземаат дејствија заради стекнувања на увид во работењето на Друштвото и управување со него од страна на извршните членови на Одборот на Директори.

**Член 44**

Извршниот/ите член/ови на Одборот на Директори може во било кое време да бидат отповикани на Одборот на Директори, со и без образложение.

Во тој случај мандатот на член на Одборот на Директори му мирува до наредното Собрание на кое ќе се одлучи дали ќе биде отповикан пред истекот на мандатот за кој е избран.

**Член 45**

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален директор го застапува Друштвото во односите со трети лица и е одговорен за водење на работите на Друштвото во рамките утврдени со Закон и овој Статут.

Извршниот член на Одборот на Директори – Генерален директор е овластен во името на Друштвото, да склучува договори и да врши други правни работи и презема дејствија, како и да го застапува Друштвото пред судовите и другите органи, како и во односите со други правни и физички лица.

Потпишувањето на Друштвото кај банките и другите финансиски институции го врши извршниот член на Одборот на Директори – Генерален директор.

**Член 46**

Ако извршниот член – генерален директор не може да ги врши работите поради оправдани причини, Друштвото привремено ќе го застапува Заменик генералниот директор во границите утврдени со посебно донесена одлука за застапување од страна на Одборот на директори.

**Член 47**

Заради извршување на овластувањата од член 52, Извршниот член на Одборот на Директори – генерален директор назначува раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на друштвото. На раководните лица, извршниот член – генерален директор може да им пренесе извршувања на одделни работи од својот делокруг, како и извршување на Одлуките на Собранието на Друштвото и Одборот на Директори.

## в) Надлежност и работа на Одборот на Директорите

### Член 48

Одборот на Директори, во рамките на надлежностите утврдени со овој Статут, законот и овластувањата кои изрично му се дадени од Собранието на Друштвото, има најшироки овластувања за дејствување во сите околности во името на Друштвото.

Одборот на Директори работи и одлучува на начин утврден со закон и со овој Статут.

Во остварувањето на работите од став 1 и 2 на овој член Одборот на Директори ги врши следните работи:

1) Ја утврдува деловната политика, при што изготвува документи за приоритетните области од работењето на Друштвото;
2) Ги донесува општите акти на Друштвото, интерните и другите акти и документи на друштвото, освен актите што со закон се утврдени во надлежност на Собранието на Друштвото;
3) Ги донесува плановите и програмите на Друштвото и дава насоки за нивното спроведување;
4) Донесува Правилник за внатрешна систематизација и организација на друштвото при што ги одобрува описите на работните места во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на Друштвото;
5) Го назначува раководителот на службата за внатрешна ревизија, како и други лица во неа;
6) Донесува одлуки за склучување на договори за инвестициони вложувања, за стекнување и отуѓување на недвижности и слични одлуки кои не се во надлежност на Собранието на Друштвото;
7) Донесува одлуки за склучување на договори за лиценци, за вложување, долгорочна соработка, франшизинг и слично;
8) Ги утврдува условите и одлучува за давање на парични позајмици и финансирање на услуги во износ кој не може да го надмине 50% од сметководствената вредност на имотот на Друштвото;
9) Одлучува за економски, технолошки и организационен вишок на работниците;
10) Одлучува за основање и затворање или пренос на друштвото или на негов удел;
11) Одлучува за основање на нови трговски друштва, учество во други правни субјекти и за истапување од истите, за престанок на трговските друштва чиј што основач е Акционерското друштво или за отстапување на Акционерското друштво во тие друштва, доколку учеството е помало од 1/10 од основната главнина на Друштвото;
12) Одлучува за стекнување, управување и продажба на обврзници;
13) Одлучува за стекнување, проценка и продажба на патенти, отстапување на лиценци за искористување на патенти на друштвата во кои чествува;
14) Го свикува Собранието и ги подготвува предлог одлуките и општите акти чие донесување е во надлежност на Собранието;

15) По истекот на деловната година на Собранието на друштвото му поднесува годишна сметка и годишен извештај;
16) Одлучува за основање и престанок на подружници и претставништва на Друштвото, при што ги назначува раководителите на подружниците и претставништвата на Друштвото;
17) Именува Комисија која ќе одлучува по приговорите на работниците како втор степен за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос;
18) Одлучува за купување и отуѓување на недвижности и трајни и обртни средства на Друштвото ако нивната вредност не е поголема од 50% одсметководствената вредност на имотот на Друштвото;
19) Одлучува за долгорочна соработка со други друштва;
20) Го усвојува извештајот за попис на основните средства;
21) Одлучува за давање прокура;
22) Претходно ја одобрува секоја зделка со заинтересирана страна;
23) Донесува одлука за прашања од областа на безбедноста и здравје при работа на вработените;
24) Одлучува во втор степен по приговори од страна на вработените;
25) Се грижи и презема дејствија за исполнување на со Закон определените обврски на Акционерското друштво;
26) Презема мерки и дејствија за извршување на со Закон предвидените обврски на Акционерското друштво од областа на одбраната;
27) Донесува упатство за начинот на употреба, чување и располагање со печатот и штембилот на Акционерското друштво;
28) Одлучува за распределба на месечните надоместоци, и други надоместоци и права на извршните членови;
29) Одлучува на распределба на награди на членови на органите на управување согласно утврден износ на распределени средства од добивката на друштвото наменети за награди од страна на Собранието на друштвото;
30) Одобруваат точки кои ќе бидат ставени на дневен ред на собранијата на акционери на друштвата каде Друштвото има мнозинско учество;
31) Назначуваат лица кои ќе го претставуваат Друштвото на собранијата на акционери на друштвата со кои Друштвото има капитална поврзаност и да им даваат инструкции за тоа како да гласаат;
32) Номинира кандидати за генерален директор, член на Управен одбор односно извршен директор, член од одборот на директори односно Надзорен одбор и други раководни тела на друштвата во кои Друштвото има значајно или мнозинско учество;
33) Ги одобрува договорите на менаџерите на средно ниво во Друштвото;
34) Да ги одобрува колективните договори.
35) Одлучува и по други прашања, врши и други работи утврдени со законот и овој Статут.

**Член 49**

Одборот на директори може да ги пренесе врз Извршниот член – генерален директор, сите овластувања на Одборот освен оние кои со Закон за трговски друштва се определени како непреносливи.

**Член 50**

За прашања од своја надлежност Одборот на директори донесува акти во вид на одлуки, правилници, упатства, наредби и заклучоци.

**Член 51**

Членовите на Одборот на Директори мораат да ги вршат своите работи со внимание на уреден и совесен трговец и да ја чуваат деловната тајна.

Членовите на Одборот на Директори кои што ќе сторат повреда на своите обврски во однос на Друштвото му одговараат на Друштвото за причинетата штета како солидарни должници. Во случај на спор членовите на Одборот на директори мораат да докажат дека постапувале со внимание на уреден и совесен трговец.

Не се смета за одговорен член на Одборот на Директори кој работел врз основа на Одлука на одборот која е усвоена иако тој гласал против.

**Член 52**

Членовите на Одборот на Директори се должни да ги вршат функциите во интерес на Друштвото и во интерес на акционерите и вработените.

Ако неизвршен член на Одборот на Директори работи спротивно на обврската од став 1 на овој член може да биде разрешен од страна на Собранието на Друштвото со мнозинство гласови од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Предлогот за разрешување мора да биде даден во писмена форма и во него да бидат образложени причините поради кои се бара разрешување на неизвршниот член на Одборот на Директори.

Ако неизвршен член на Одборот на Директори склучил договор за работа со Друштвото, разрешувањето нема влијание врз постоењето на договорот за работа.

Член на Одборот на Директори може да даде и оставка која се заверува кај нотар. Во интерес на Друштвото член кој дал оставка е обврзан да ја врши функцијата се до избор на нов член, но не подолго од 60 дена.

**Член 53**

Ако извршниот/ите член/ови на Одборот на Директори биде разрешени без постоење на оправдани причини како што се загуба, непочитување на одлуките и насоките за работење дадени од Одборот, незаконито работење, имаат право да бараат надомест на штета, во висина и на начин и во постапка утврдени со Закон и менаџерски договор.

**Член 54**

Собранието на акционери, при изборот на членовите на Одборот на директори ќе им го определи месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови.

Друштвото на членовите на Одборот на Директори им ги надоместува и трошоците што тие ги направиле во вршењето на работите што им се доверени како членови на Одборот на Директори.

Извршните членови на Одборот на Директори – генералниот директор и Заменик генералниот директор засноваат работен однос со друштвото, при што правата и обврските ќе бидат утврдени со менаџерски договор.

Месечниот надомест на извршните членови на одборот на директори се регулираат со договор за регулирање на правата и обврските на извршните членови на друштвото (менаџерски договор) и со Одлука на Одборот на директори.

## ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ

**Член 55**

Акционерите своите права во Друштвото ги остваруваат на Собранието на Друштвото.

На секој акционер запишан во акционерската книга, од денот на уписот му припаѓа право на учество во работата на Собранието и право на глас.

Членовите на Одборот на директори учествуваат во работата на Собранието без право на глас, освен ако не се акционери.

**Член 56**

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и овој Статут, а особено:

1. Измена на Статутот;
2. Одобрување на годишната сметка , на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучува за распределбата на добивката;
3. Избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;
4. Одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори;
5. Промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
6. Зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
7. Издавање акции и други хартии од вредност;
8. Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи, ако Друштвото има обврски да ги подготвува;
9. Преобразба на Друштвото во друга форма на друштво како и за статусни промени на Друштвото и
10. Престанување на Друштвото.

**Член 57**

Собранието избира претседавач со седницата на Собранието, записничар и двајца акционери, заверувачи на записникот, освен ако записникот не го води нотар. Собранието избира и комисија за спроведување на тајно гласање и други физички лица (бројачи на гласови и други), ако тоа е потребно за вршење други работи коишто го овозможуваат непреченото одвивање на работата на Собранието на начин и според условите определени со закон и со овој Статут.

**Член 58**

Годишното собрание на Друштвото го свикува Одборот на директори најдоцна три месеци по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното Годишно собрание.

Ако Годишното собрание не го свика Одборот на директори или ако од кои било други причини не се одржи во роковите определени во став 1 на овој член, одлука за свикување на Годишното собрание може да донесе судот по предлог на кој било акционер.

**Член 59**

Одборот на директори можат со мнозинство гласови од своите членови, по своја иницијатива или по барање на акционер да донесат одлука за свикување Собрание.

**Член 60**

Собранието се свикува со објавување јавен повик до акционерите.

Јавниот повик за одржување на седницата на Собранието се објавува на половина страница во најмалку еден дневен весник што излегува на целата територија на Република Северна Македонија, на насловната страница од својата официјална интернет-страница и на интернет- страницата на берзата.

Јавниот повик, односно поканата за одржување на седница на собрание кај друштвата содржи опис на постапките според кои акционерите учествуваат и гласаат на седница на собранието.

Рокот којшто тече од денот на објавувањето на јавниот повик, за свикување на Собранието до денот на одржувањето на Собранието не може да биде пократок од 30 дена до денот на одржувањето на Собранието.

Во јавниот повик за свикување Собрание, Друштвото на својата официјална интернет-страница ги објавува следните информации:

1) Содржина на јавниот повик за свикување Собрание на Друштвото;

2) Вкупниот број акции и вкупниот број гласачки права кои произлегуваат од акциите со право на глас на денот на објавата на јавниот повик, вклучително и вкупниот број акции од секој род и класа;

3) Документи и материјали кои ќе се разгледуваат на седницата на Собранието на Друштвото;

4) Предложени одлуки за донесување или каде што такви нема предложено, мислење на овластен орган или тело на Друштвото по секоја точка од предложениот дневен ред на седницата на Собранието на Друштвото;

5) Предложените одлуки од акционерите кои Друштвото веднаш откако ќе ги прими треба да ги објави и;

6) Обрасците за гласање преку полномошник, подготвени за преземање електронски од страна на акционерите;

7) Обрасци за гласање со кореспонденција подготвени за преземање електронски од страна на акционерите од интернет страницата на Друштвото.

**Член 60-а**

Покрај учество во работата на Собранието со лично присуство или преку полномошник, согласно Законот за трговски друштва, Друштвото ќе им овозможи на акционерите да гласаат на Собранието со кореспонденција пред денот на одржување на Собранието.

Друштвото, пред да им овозможи на акционерите да гласаат со кореспонденција, може да побара претходно тие да го потврдат својот личен идентитет приложувајќи документи за лична идентификација во оригинал или во препис од оригинал (во копија) по избор на акционерите и без обврска за акционерите да го заверат кај нотар или да биде потврден од домашен или странски надлежен орган. Доколку Друштвото воспостави систем на внатрешна евиденција и регистрација на акционерите на кои истиот им е достапен, може да го примени тој систем како средство за идентификација на акционерите.

Гласањето со кореспонденција кое е извршено спротивно на одредбите од ставот 2 на овој член е ништовно.

**Член 61**

Секој акционер има право во кое било време да поднесува иницијатива за вклучување точки во дневниот ред на Собранието коешто ќе биде свикано.

Акционери кои заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акциите со право на глас можат по писмен пат да бараат дополнување на дневниот ред со вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието коешто веќе е свикано.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието коешто е свикано се испраќа до свикувачот на Собранието,односно до лицето определено од судот, во рок од осум дена од денот кога е објавен јавниот повик за учество на Собранието.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието кое што е свикано не може да се одбие, освен во случаите :

1. Ако акционерот, односно акционерите го пропуштиле рокот од став 3 на овој член.

2. Ако акционерот, односно акционерите не поседуваат доволен број акции со право на глас, во согласност со став 2 од овој член.

3.Ако предлогот не ги исполнува другите услови предвиден

со закон и

4.Ако точката , односно точките коишто се бараат да бидат вклучени во дневниот ред на Собранието не спаѓаат во надлежност на Собранието или не се во согласност со Законот и со овој Статут.

Ако барањето од став 3 на овој член не е ставено на дневен ред, освен во случаите од став 4 на овој член, конечна одлука по барањето донесува Собранието при усвојувањето на дневниот ред.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на свикано Собрание, органот што го свикал Собранието, односно лицето определено од судот да свика Собрание, го објавува на ист начин на којшто го објавил јавниот повик за учество на свиканото Собрание, најдоцна осум дена пред денот на неговото одржување.

**Член 62**

Собранието може да одлучува само за прашања кои што уредно се ставени на дневен ред.

Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои што не се уредно ставени на дневен ред.

**Член 63**

Правото на учество во работата на Собранието опфаќа право на расправање и одлучување.

**Член 64**

Собранието може да работи ( кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на Собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број на акциите со право на глас.

Ако на Собранието не се обезбеди кворумот од став 1 на овој член Собранието не може да почне со работа. За време што не подолго од 15 дена од денот за којшто е закажано одржувањето на Собранието коешто немало кворум за работа се закажува нов термин за одржување на Собранието (презакажано Собрание) коешто и се одржува во овој рок.

Новиот термин за одржување на презакажаното Собрание се објавува на начин на којшто е објавено свикувањето на Собранието коешто немало кворум за работа.

На презакажаното Собрание може да се одлучува само по прашањата утврдени во дневниот ред за првото свикување на Собранието без оглед на бројот на присутните акционери и бројот на акциите што ги имаат. На презакажаното Собрание не може да се одлучува за прашањата за кои што според Законот се одлучува со поголемо мнозинство од мнозинството од кворумот од став 1 на овој член.

**Член 65**

Со седницата на Собранието претседава претседавач. Претседавачот со Собранието го определува редоследот на работата и го одржува редот на седницата на Собранието, а може да утврди и правила за водење на седницата на Собранието.

Претседавачот со Собранието се избира за секое одделно Собрание. Мандатот на претседавачот со Собранието трае до изборот на претседавач на наредното Собрание кое што треба да биде одржано.

За претседавач со Собранието може да биде избран секој акционер или лице коешто застапува акционер. За претседавач со Собранието не може да биде избран член на Одборот на директори.

**Член 66**

Одлуките на Собранието се донесуваат со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Одлуките на Собранието се донесуваат со јавно гласање.

Изборот на членовите на Одборот на директори и отповикувањето на членовите на Одборот на директори се врши со јавно гласање.

Тајно се гласа, кога еден или повеќе акционери кои имаат најмалку една десетина од вкупниот број на акциите со право на глас ќе поднесат барање за тајно гласање.

## 7.СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

**Член 67**

Службата за внатрешна ревизија врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото.

Одборот на директори назначува раководител на Службата за внатрешна ревизија.

Одборот на директори ги уредува организациската поставеност, правата, одговорностите и односите со другите организациски единици на Друштвото со Службата за внатрешна ревизија со посебен Правилник.

## 8.ГОЛЕМИ ЗДЕЛКИ И ЗДЕЛКИ СО ЗАИНТЕРЕСИРАНА СТРАНА

**Член 68**

Секоја голема зделка којашто се однесува на имотот чијашто вредност е проценета над 20% до 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, се донесува со согласност на сите членови на Одборот на директори.

Ако не се постигне согласноста од став 1 на овој член, Одборот на директори може да се одлучи големата зделка за која треба да се донесе одлука, да ја поднесе на одобрување на Собранието. Одлуката Собранието ја донесува со мнозинство од претставените акции на Собранието со право на глас.

Одлука за одобрување голема зделка чијшто предмет е имот чија што вредност е проценета над 50% од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, се донесува со мнозинство од две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието.

Одборот на директори на собранието му поднесуваат писмено известување за големата зделка, во коешто наведуваат дека собранието треба да го разгледа предлогот за големата зделка и нивната препорака, вклучувајќи го и исказот за правото на акционерите да не се согласат со големата зделка. Во писменото известување се наведува странатa,

односно страните на зделката, корисникот, односно корисниците на зделката, вредноста, предметот, обемот и другите материјални услови на зделката.

Во случај ако за остварувањето на големата зделка член на органот на управување, има личен интерес, односно е заинтересирана страна за нејзиното одобрување, се применуваат одредбите од овој закон што се однесуваат на зделки на заинтересирана страна.

## Член 69

Секоја зделка, во која заинтересираната страна е член на одбор на директори, вклучувајќи ги и раководните лица, или акционер на Друштвото кој заедно со поврзаните лица поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас на Друштвото, или лице кое има овластување да дава упатства на Друштвото што се задолжителни, се смета за зделка со заинтересирана страна, и се извршува од страна на Друштвото во постапка во согласност со одредбите на овој Статут.

Се смета дека лицето од став 1 на овој член е заинтересирана страна и има интерес во извршување на зделката од страна на Друштвото доколку тоа лице, негов застапник, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајца родители или еден родител, родители посвоители, посвоени деца, или некое лице поврзано со нив:

а) е страна во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка или;

б) поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите на правното лице кое е страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во таквата зделка или

в) е член на Одбор на директори на лицето кое е страна во зделката, нејзин корисник или застапник во таквата зделка, или раководно лице на тоа правно лице.

Одредбите од став 1 и 2 од овој член нема да се применуваат:

а) ако сите акционери на Друштвото имаат интерес во зделката;

б) во случај на остварување на правото на првенствено купување акции, издадени од Друштвото и;

в) при стекнување и откуп на сопствени акции.

## Член 70

Одлуката за одобрување на секоја зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на Одборот на директори кои немаат интерес во зделката. Ако сите членови на Одборот на директори се заинтересирани страни, или ако бројот на членовите на Одборот на директори кои немаат интерес е помал од бројот потребен за кворум за седница на Одборот на директори, таквата зделка ја одобрува Собранието.

Собранието ја одобрува зделката со заинтересираната страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, и тоа ако:

а) вредноста на имотот на којшто се однесува ваквата зделка или поврзаните зделки изнесува 2% или повеќе проценти од книговодствената вредност на имотот на Друштвото, според последните

ревидирани финансиски извештаи на Друштвото или во однос на понудената цена во случај кога треба да се купи имот;

б) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување или продажба на акции што изнесуваат повеќе од 2% од обичните акции на Друштвото, преостанати во тој период и обичните акции во кои можат да се конвертираат хартии од вредност претходно издадени во серии и кои можат да бидат конвертирани во акции или;

в) зделката или поврзаните зделки се однесуваат на издавање преку запишување на конвертибилни обврзници, што може да се конвертираат во обични акции, а кои изнесуваат повеќе од 2% од издадените обични акции на Друштвото и ако, во исто време, претходно издадените обични акции во серии се конвертибилни во акции.

Во одлуката со која се одобрува зделката со заинтересираната страна се определува лицето кое е страна на зделката или е корисник, како и вредноста, предметот и другите материјални услови на зделката.

Пред донесувањето на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна донесена од надлежен орган на акционерското друштво чии хартии од вредност котираат на овластена берза, доколку вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебни поврзани зделки во текот на изминатите 12 месеци од денот на одобрувањето на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на друштвото определена врз основа последните ревидирани годишни финансиски извештаи, е потребно мислење од овластен ревизор кој ги исполнува условите пропишани со Законот за ревизија и Законот за хартии од вредност.

Мислењето од овластениот ревизор се однесува на тоа дали зделката со заинтересирана страна е во согласност со важечките прописи во земјата, дали зделката со заинтересирана страна е фер, односно дали вредноста на зделката е утврдена според пазарните услови, дали постои несразмерност во заемните давања на страните, дали постојат и какви било други факти и околности кои би можеле да претставуваат основ за причинување на штета со препорака до малцинските акционери дали да ја поддржат зделката со заинтересирана страна.

Друштвото може да ја реализира зделката со заинтересирна страна само доколку пред одобрувањето на зделката е добиено мислење од овластен ревизор освен во случаи кога се врши исплата на дивиденда, друштвото издава хартии од вредност и дава финансиски услуги кои спаѓаат во доменот на редовното работење на акционерското друштво (банкарски, услуги во работењето со хартии од вредност, услуги поврзани со осигурувањето и слично) кога истите се регулирани со посебни закони и се под супервизија на надлежен орган.

Друштвото е должно, по целосно реализирање на зделката со заинтересирана страна, веднаш а најдоцна наредниот работен ден, во најмалку еден дневен весник, на веб страницата на друштвото и на веб

страницата на овластена берза да објави известување за реализираната зделка со заинтересирана страна.

Известувањето од претходниот став содржи податоци за предметот и вредноста на реализираната зделка, добивката од реализираната зделка, лицата кои во зделката се заинтересирана страна, природата на односите со поврзаните страни, како и други информации во врска со интересот на лицето, односно поврзаните страни во зделката.

## 9.ТРГОВСКИ КНИГИ ГОДИШНИ СМЕТКИ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

**Член 71**

Друштвото има обврска да води сметководство и да поднесува годишна сметка на начинот определен со Законот за трговските друштва и со прописите за сметководство.

Друштвото е должно најмалку еднаш годишно во деловната година да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичката состојба утврдена со пописот.

**Член 72**

Друштвото води трговски книги на начин што ги прави што ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, состојбата на средствата,обврските,главнината,приходите и расходите.

**Член 73**

Друштвото по истекот на деловната година составува годишна сметка и финансиски извештаи.

Годишната сметка вклучува биланс на состојба и биланс на успех и објаснувачки белешки. Финансиските извештаи вклучуваат биланс на состојба и биланс на успех, извештај за промените во главнината, извештај за паричните текови, применетите сметководствени политики и други објаснувачки белешки подготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

**Член 74**

Годишната сметка и финансискиот извештај подлежат под ревизија на овластен ревизор.

Друштвото составува консолидирана годишна сметка која содржи консолидиран биланс на состојба, консолидиран биланс на успех и објаснувачки белешки.

## 10.ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ И РАСПОРЕДУВАЊЕ НА ДОБИВКАТА

**Член 75**

Собранието одлучува за распоредување на добивката.

Добивката се распоредува за следните намени:

- Законски резерви на Друштвото;

- Посебни резерви (награди, стипендии, социјална и добротворна помош и други издатоци);
- За покривање на загуби од минатите години (доколку ги има);
- Исплата на дивиденда;
- За зголемување на основната главнина на Друштвото;
- За инвестиции;
- Пренос на добивка во наредна година (акумулирана добивка)
- Дополнителни издатоци.

**Член 76**

По одобрувањето на годишната сметка и на финансиските извештаи и утврдувањето на постоењето на добивка, Собранието го утврдува делот од добивката за дивиденда.

**Член 77**

Дивидендата се исплатува најдоцна во рок од 9 месеци по завршување на деловната година.

Дивидендата може да се исплати во пари или во акции.

На акционерите во текот на деловната година од предвидливиот дел од добивката може да им се иплати аванс на име дивиденда.

## 11.УЧЕСТВО НА ДРУШТВОТО ВО ДРУГИ ТРГОВСКИ ДРУШТВА (КАПИТАЛНО ПОВРЗАНИ ДРУШТВА)

**Член 78**

Друштвото може да учествува во други трговски друштва (поврза ни друштва).

Видот и начинот на поврзувањето и воспоставување на односи меѓу Друштвото ќе се регулира согласно законските прописи.

**Член 79**

Друштвото правно се поврзува со други самостојни друштва и со нив воспоставува меѓусебни односи како:

- друштва во кои Друштвото учествува најмалку 10% од основната главнина, но не повеќе од 20%;
- значајно учество со над 20% но не повеќе од 50% од основната главнина;
- мнозинско учество со над 50% од основната главнина на другото друштво.

## 12. ДЕЛОВНА ТАЈНА

**Член 80**

Одборот на директори на Друштвото, раководните и другите вработени во Друштвото должни се лојално да соработуваат.

Лојалната соработка подразбира обврска Одборот на директори, раководните и другите вработени да не ги даваат на увид информациите за Друштвото во кој работникот е или бил вработен и кои претставуваат деловна тајна или таквото давање информации би можело да им наштети на интересите на Друштвото.

**Член 81**

Како деловна тајна се сметаат исправите и податоците од работењето на Друштвото кои се определени со акт на Одборот на директори.

Со акт на Одборот на директори може да се определи сите исправи и податоци што се однесуваат на одделни делови од работењето на Друштвото да се сметаат како деловна тајна.

**Член 82**

Како деловна тајна се сметаат особено: програмите и плановите, како и исправите и податоците што не се објавени јавно, или кои правно не се заштитени како што е знаењето и искуството, се уште не заштитеното право од индустриска сопственост и авторските права, податоците за променливиот дел од платите и исплатата на посебните награди за иновации, сите подготовки за издавање на акции и заклучоци за привремено запирање на продажбата на акции.

Друштвото е должно да ги чува како тајна и следните исправи и податоци:

а) Податоците и исправите што надлежен државен орган ги прогласил за деловна тајна;

б)Податоците и исправите што Одборот на директори ги прогласил за деловна тајна;

в) Податоците и исправите што се однесуваат на обезбедување на објектите и имотот на Друштвото;

г) Податоците и исправите што други претпријатија и организации како доверливи му ги соопштуваат на Друштвото, како и мерките и начинот на постапување во случај на вонредни активности;

д) Податоците за висината на поединечните плати или награди.

**Член 83**

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна на овластени органи служби или други лица може да им ги соопштува претседателот на Одборот на директори на Друштвото или лице овластено за тоа.

**Член 84**

Секој работник во Друштвото кој на кој било начин ќе дознае некои податоци што се сметаат како деловна тајна, должен е да ги чува како деловна тајна.

Неовластеното соопштување на деловна тајна претставува тешка повреда на работната обврска .

**Член 85**

Како повреда на чувањето на деловната тајна не се сметаат соопштувањата на исправи и податоци што се сметаат како деловна тајна, ако тие исправи и податоци им се соопштуваат на лица, органи, организации на кои може да им се соопштуваат врз основа на закон или други прописи, врз основа на овластување што произлегува од функцијата што ја вршат или положбата што ја имаат.

Не се смета за повреда на чување на деловна тајна нити соопштувањето на Собранието или на Одборот на директори на Друштвото, ако таквото соопштување е неопходно заради вршење на нивните права и обврски.

Вработен во Друштвото кој на Собранието на Друштвото или на Одборот на директори соопштува такви податоци е должен присутните да ги предупреди дека тие податоци и исправи се сметаат за деловна тајна, а присутните со должни она што ќе го дознаат да го чуваат како деловна тајна.

**Член 86**

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна се чуваат одделно од другите исправи и податоци на Друштвото.

Исправите и податоците што се сметаат како деловна тајна мора да бидат означени со зборовите „ **ДЕЛОВНА ТАЈНА„.**

**Член 87**

Должноста за чување на деловна тајна трае 5 години по престанувањето на работниот однос на работникот во Друштвото односно од престанокот на Друштвото.

Во случај да се прекрши забраната за чување на деловна тајна, оној што ја прекршил забраната може да биде разрешен од должноста и да му престане работниот однос во Друштвото.

Ако лицето став 1 на овој член соопшти или на друг начин издаде деловна тајна, е должно целосно да ја надомести материјалната штета на Друштвото.

**Член 88**

Ако раководен или друг работник дознае дека дошло или дека може да дојде до кршење на деловната тајна или до кршење на начелото на забрана на конкуренција од страна на вработен во Друштвото должен е за тоа да го извести Одборот на директори на Друштвото.

## 13. ОДНОСИТЕ СО ВРАБОТЕНИТЕ

**Член 89**

Работните односи, платите и другите права од работниот однос се уредуваат согласно законските прописи.

Договорите за работа ги склучува Генералниот директор на Друштвото или член определен од Одбор на директори.

**Член 90**

Овој Статут е основниот акт на Друштвото.

Другите акти на Друштвото мора да се во согласност со овој Статут.

Одредбите на другите акти кои се во спротивност со овој Статут не можат да се применуваат.

**Член 91**

Измените и дополнувањата на актите на Друштвото се вршат на начин и постапка која е предвидена за нивно донесување.

**Член 92**

Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесување, а ќе се применуваат со денот на објавувањето на огласна табла на Друштвото.

**Член 93**

Толкување на актот на Друштвото дава органот што го донел актот.

## 14. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

**Член 94**

Внатрешната организација на Друштвото се регулира со Правилник за внатрешна организација кој го носи Одборот на директори.

## 15. ПРЕСТАНОК НА ДРУШТВОТО

**Член 95**

Одлуката за престанување на Друштвото Собранието ја донесува со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието.

**Член 96**

Друштвото престанува со:

а) Изречена мерка забрана за вршење на дејноста поради тоа што не ги исполнува условите за вршење на својата дејност, а во рок определен за извршување на мерката не ги исполни условите за вршење на таа дејност односно не ја промени дејноста;

б) Одлука на Собранието доколку престанат да постојат природните и другите услови за вршење на стопанската дејност која е предмет на работење на Друштвото;

в) Правосилна одлука на судот се утврди ништовност на уписот во трговскиот регистар;

г) Стечај;

д) Со присоединување, со спојување или со поделба на Друштвото, со раздвојување, со основање и со раздвојување, со преземање;

Одлуката за престанок на Друштвото се објавува во Службен весник на Република Северна Македонија.

Друштвото престанува без ликвидација, ако се спои со друго Друштво, или ако се подели на повеќе друштва.

Одлуката за спојување, присоединување, или поделба на Друштвото ја донесува Собранието со двотретинско мнозинство од акциите со право на глас преставени на Собранието.

**Член 97**

Доколку Друштвото остане без имот, може да престане да работи без спроведување на постапка за ликвидација.

## 16. ИЗМЕНИ НА СТАТУТОТ

**Член 98**

Статутот на Друштвото се менува со одлука за измена на Статутот. Постапка за измена на Статутот можат да покренат Одборот на директори, како и акционерите кои имаат најмалку една десеттина од вкупниот број на акциите со право на глас.

Иницијативата во форма на амандмани се доставува до Одборот на директори.

Предлогот на одлуката за измена на Статутот во којшто се наведени предложените измени, без разлика на тоа кој ја дал иницијативата, го утврдува Одборот на директори. Утврдениот предлог на одлуката за измена на Статутот мора да биде образложен.

**Член 99**

Одлуката за измена на Статутот ја донесува Собранието.

Одлуката за измена на Статутот се усвојува со мнозинство гласови од вкупниот број со право на глас во Друштвото.

Собранието со одлуката за измена на Статутот го овластува Одборот на директори да подготви пречистен текст на Статутот.

## 17. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 100**

За нерегулираните прашања во одредбите на овој Статут непосредно се применуваат одредбите на Законот на трговските друштва.

**Член 101**

Општите акти на ФЕРШПЕД АД Скопје кои не се во спротивност со одредбите на овој Статут ќе се применуваат до донесување на нови акти.

**Член 102**

Овој Статут стапува во сила со денот на неговото донесување од страна на Собранието на Друштвото.

**Претседател на Одборот на директори**
**Штерјо Наков**
------------------